# ЦИВИЛ МЕДИА за реформите на безбедносните служби



# СОДРЖИНА

ЦИВИЛ МЕДИА за реформите на безбедносните служби....................................................3

Агенција за национална безбедност на повидок..................................................................4

Ново тело на чело со премиерот ќе ги координира разузнавачите ..................................6

Реформите во безбедноста се повеќе од неопходни, но мора да бидат квалитетни.......8

Како ќе се координира реформираниот безбедносно-разузнавачки систем?.................9

Стојановски: Реформите во безбедноста се повеќе од неопходни, но мора да бидат квалитетни ..........................................................................................................................12

Стојановски: Избирачкиот список е ризик, но безбедносната заедница е спремна за избори ................................................................................................................................15

Благоја Марковски: Македонија не е цел на ИСИС, а повратниците се опасни само ако не се ресоцијализираат ......................................................................................................17

156 евидентирани македонски граѓани учествуваа во војните на Блискиот Исток ........20

# ЛИНКОВИ:

Стр. 3 ЦИВИЛ МЕДИА за реформите на безбедносните служби

Стр. 4 Агенција за национална безбедност на повидок

Стр. 6 Ново тело на чело со премиерот ќе ги координира разузнавачите

Стр. 8 Реформите во безбедноста се повеќе од неопходни, но мора да бидат квалитетни

Стр. 10 Како ќе се координира реформираниот безбедносно-разузнавачки систем?

Стр. 13 Стојановски: Реформите во безбедноста се повеќе од неопходни, но мора да бидат квалитетни

Стр. 17 Стојановски: Избирачкиот список е ризик, но безбедносната заедница е спремна за избори

Стр. 20 Благоја Марковски: Македонија не е цел на ИСИС, а повратниците се опасни само ако не се ресоцијализираат

Стр. 22 156 евидентирани македонски граѓани учествуваа во војните на Блискиот Исток

# ЦИВИЛ МЕДИА за реформите на безбедносните служби



Веќе подолг период, ЦИВИЛ спроведува мониторинг на клучните општествено-политички процеси во земјата. Освен долгорочниот мониторинг на состојбата на човековите права и слободи, организацијата работи на мониторинг и на повеќе реформски процеси, меѓу кои и на безбедносните служби.

Медиумската платформа на ЦИВИЛ спроведе мониторинг на законските и другите процеси започнати во безбедносните служби, кои во минатото беа дел од груби злоупотреби со кои се газеа човековите права и се подриваа демократските институции. Со серија текстови и интервјуа, медиумската платформа на ЦИВИЛ ќе даде придонес со тоа што ќе фрли светлина на тековните процеси и ќе ја приближи суштината на реформските зафати до граѓанките и граѓани во чија служба треба да бидат безбедносните служби.

Во медиумските содржини што следат во наредните денови ќе се проговори отворено и директно и за важни аспекти на безбедноста во земјата, вклучувајќи ги и опасностите од насилниот екстремизам, радикализацијата и тероризмот.

Како и секогаш, ЦИВИЛ е отворен за комуникација со граѓанките и граѓаните, за нивните прашања, сугестии и информации.

**ЦИВИЛ, Тим за комуникација со јавноста**

# Агенција за национална безбедност на повидок



Агенција за национална безбедност е името на новата институција задолжена за безбедност и контраразузнавање, која треба да ја замени сегашната Управа за безбедност и контраразузнавање (УБК). Насловот на институцијата, која во првата верзија на новиот закон беше Агенција за внатрешно разузнавање, е сменет за попрецизно да го отслика делокругот на нејзината работа.
Покрај оваа, навидум козметичка, промена, во тек се и интервенции во текстовите на сите пет закони од пакетот за реформи, најавува предлагачот, Министерството за внатрешни работи. Во моментов, пакетот закони за реформи на безбедносниот систем ги опфаќа новите предлог-закони за координација на безбедносно-разузнавачката заедница, за Агенција за внатрешно разузнавање (оригиналниот наслов), и измени на законите за внатрешни работи, за странци и за следење на комуникациите.

„Процесот на реформи сеуште не е завршен и во периодот што следи се очекуваат измени на други законски решенија, вклучително и на Закоонот за Агенција за разузнавање, што

ќе предизвика евентуална измена на постојни или креирање на нови законски решенија“ – најавува МВР.

На 15 јануари заврши периодот од два месеци во кој требаше да биде подготвена конечната верзија на текстовите на петте законски решенија од пакетот. Оригиналните текстови, според МВР, досега претрпеле значајни интервенции.

„Изготвувањето на Предлогот на Закон за Агенција за национална безбедност е резултат на компаративно искуство и учество на сите релевантни субјекти во државата, вклучително и невладини организации и професори, при што е јасно разграничено дека кривичните постапки согласно Законот за кривичната постапка се процесуираат од страна на јавен обвинител и правосудната полиција, а безбедноста е предмет на уредување на повеќе матични закони, вклучувајќи ги и Законот за Агенција за национална безбедност, Законот за координација на безбедносно-разузнавачката заедница. Воедно укажуваме дека процесот на реформи на безбедносните служби е сѐуште во тек, при што ќе следат нови измени на повеќе законски решенија“ – наведува МВР како одговор на дел од критиките упатени кон предложените текстови.

Паралелно со пакетот закони за реформи на безбедносно-разузнавачкиот систем, во тек е и постапка за донесување на нов Закон за класифицирани информации, чиј носител е Министерството за одбрана и Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации.

**Игор К. Илиевски**

# Ново тело на чело со премиерот ќе ги координира разузнавачите




Ново тело на чело со премиерот, придружен од министрите за внатрешни работи, за одбрана, за надворешни работи, за финансии, директорите на агенциите за национална безбедност и за разузнавање и раководителот на Сектор – Служба за воена безбедност и разузнавање ќе ја координира безбедносно-разузнавачката заедница, ќе го одредува нивото на закана, ќе ги утврдува приоритетите во националната безбедност и ќе предлага мерки и носи извршни одлуки за прашањата од безбедноста. Тоа го предвидува нацрт-законот за координација на безбедносно-разузнавачката заедница, дел од пакетот од пет закони и законски измени за реформа на безбедносно-разузнавачкиот сектор.
Новото тело ќе го наруши „балансот на моќ" меѓу премиерот и претседателот на државата кој, според Уставот, претседава со Советот за безбедност на Република Македонија, се наведува во коментарите за нацрт-законот.

МВР на ова одговара дека Советот за безбедност, во кој членуваат и премиерот, клучните министри и тројца членови именувани од претседателот, ги разгледува прашањата врзани со безбедноста, но дава само предлози до Собранието и Владата.

„Со оглед на фактот што Советот за безбедност на Република Македонија само дава предлози до Собранието и Владата, а со цел процесирање на предлозите во областа на безбедноста, се наметна потребата од разработка на процесот на координација во постапувањето. Со Предлог закон за координација на безбедносно разузнавачка заедница во Република Македонија, се предлага Советот за координација на безбедносно разузнавачка заедница да ги разгледува предлозите, да ја координира работата на безбедносно-разузнавачките служби, да донесува насоки, заклучоци и слично, со што се заокружува условно речено процесот на постапување – образложува МВР.

Предлагачот на законот смета дека новото тело нема да му даде на премиерот монопол врз безбедносните структури.

– Со координацијата на безбедносно-разузнавачката заедница ќе се овозможи: координиран начин на делување на безбедносно-разузнавачките служби во Република Македонија; заедничка проценка за области кои се предмет на интерес на корисниците и заеднички рамки во однос на безбедносните приоритети; информирање на претседателот на Република Македонија, претседателот на Собранието на Република Македонија и Владата на Република Македонија, врз основа на проценка заснована на информации од сите релевантни извори собрани со најефикасна употреба на ресурсите и интегрирана безбедносна политика – смета МВР, предлагач на законот.

Покрај другото, нагласува МВР, во нацрт-законот за координација на безбедносно-разузнавачката заедница е содржана и дефиниција на поимот „национална безбедност“ со што се прави разграничување на надлежноста на Агенцијата за национална безбедност (во првата верзија на законот „Агенција за внатрешно разузнавање“) со надлежностите на останатите субјекти.

**Игор К. Илиевски**

# Реформите во безбедноста се повеќе од неопходни, но мора да бидат квалитетни




„Има потреба од квалитетни реформи на безбедносниот систем, Владата тоа мора да го препознае и со целиот државен инструмент што и е на располагање, со пријателите и со партнерите од невладиниот сектор да гради одржливи механизми“, вели Трпе Стојановски, професор на Факултетот за безбедност во Скопје и еден од водечките стручњаци во областа во интервју за ЦИВИЛ Медиа што утре целосно ќе биде објавено. „Владата дефинитивно мора да инвестира во подобар квалитет со кој што ќе се зафаќа во овие прашања“, нагласува Стојановски.
„Ова што сега се прави го препознаваме како заложба за менување на работите кон подобро, меѓутоа методологијата и алатките кои што ги практикува Владата не гарантираат дека ќе имаме квалитетни решенија“, смета Стојановски.

Тој објаснува дека многу од претпоставките се исполнети, бидејќи „очекувањата на граѓаните за поквалитетен и побезбеден живот се нараснати, оваа влада на некој начин и ја избравме и промовиравме со такви задачи, и очекуваме да одговори на предизвиците“.

Но, нагласува професорот, потребен е сеопфатен пристап и недостасува сериозен партнер од ЕУ за квалитетни реформи.

**Игор К. Илиевски**
Фотогорафија: **Ангела Петровска**

# Како ќе се координира реформираниот безбедносно-разузнавачки систем?



Новиот Совет за координација, кој, според нацрт-законот за координација на безбедносно-разузнавачката заедница во Република Македонија ќе раководи со новиот, реформиран безбедносено-разузнавачки систем, е речиси идентичен со две веќе постоечки тела со таква улога. Идниот Совет за координација на безбедносно-разузнавачката заедница по својот состав и надлежности е речиси идентичен на Управувачкиот комитет и Групата за проценки формирани со Законот за управување со кризи уште во 2005 година, но со една значајна разлика – во новото тело не учествуваат претставник на Собранието и на кабинетот на претседателот на државата, кои само ќе добиваат информации за работата на Советот.
Законот е дел од пакетот од пет закони или законски измени со кои треба да се реформира целиот безбедносен систем.

„Со донесување на посебен Закон за координација на безбедносно-разузнавачката заедница во Република Македонија, во чии рамки ќе бидат уредени целта на координацијата, формирање на посебно тело за координација на безбедносно-

разузнавачката заедница со точно утврдени надлежности, состав, начин на работа и донесување на одлуки, како и конкретни аспекти од неговата работа односно обврските што безбедносно-разузнавачката заедница ги има кон наведеното тело, ќе се овозможи соодветна координација на безбедносно-разузнавачките служби во државата, со што се очекува надминување на слабостите детектирани како суштински проблем во досегашното функционирање на безбедносно-разузнавачките служби", се наведува во образложението на предлог – законот.

Новото тело треба да го сочинуваат премиерот и министрите за внатрешни работи, за одбрана, за надворешни работи, за финансии, директорите на идната Агенција за национална безбедност и на Агенцијата за разузнавање и раководителот на Сектор-Служба за воена безбедност и разузнавање.

Советот треба да ја координира безбедносно-разузнавачката заедница, да одредува ниво на закана, да предлага мерки, да ги утврдува приоритетите во националната безбедност и да носи одлуки за прашања од безбедноста.

Но, многу сличен механизам веќе постои со Законот за управување со кризи, донесен уште во 2005 година. Овој закон предвидува Управувачки комитет и Група за проценки, кои комбинирани го имаат речиси идентичниот состав, но и задачи, како новопредвидениот Совет, но со таа разлика што во нив, според законот, учествуваат и еден претставник од собраниската Комисија за одбрана и безбедност и еден претставник на Кабинетот на претседателот на државата. Надлежностите на Комитетот и на Групата за проценки се речиси идентични како надлежностите на Советот предвиден со новиот предлог на закон.

„Суштината на моделот за реформа на безбедносно-разузнавачкиот систем во Република Македонија се состои во издвојување на Управата за безбедност и контраразузнавање од Министерството за внатрешни работи, односно формирање на нов самостоен орган на државната управа…Воедно, моделот за реформа на безбедносно-разузнавачкиот систем во Република Македонија ја наметнува и потребата за воспоставување соодветна координација на безбедносно-разузнавачките служби во државата, преку соодветни законски решенија, со кои ќе се утврди механизам со чија имплементација ќе се овозможи надминување на слабостите и недоследностите детектирани како суштински проблем во досегашното функционирање на безбедносно-разузнавачките служби – стои во образложението на предлогот на закон", е образложението на Владата за потребата од овој нов закон.

Во пакетот закони се и новиот нацрт-закон за Агенција за внатрешно разузнавање (во сегашната верзија, Агенција за национална безбедност) и измените на законите за внатрешни работи, за следење на комуникациите и на Законот за странци.

„Во насока на обезбедување висок степен на ефикасност и успешно функционирање на безбедносните служби во Република Македонија, како и воспоставување на соодветен механизам за нивна координација согласно стандардите кои претставуваат императив во унапредувањето на безбедносно-разузнавачките системи на современите европски држави, Владата на Република Македонија, на 104 седница одржана на 20 ноември 2019 година, го усвои предлог моделот за реформа на безбедносно-разузнавачкиот систем во Република Македонија и Планот за негово воспоставување“, наведува Владата во образложението.

Реформата треба да одговори на забелешките на Советот на Европската унија и Европскиот совет за имплементацијата на итните реформски приоритети во правосудството, безбедносните и разузнавачките служби, реформата на јавната администрација и борбата против организираниот криминал и корупција.

**Игор К. Илиевски**

# Стојановски: Реформите во безбедноста се повеќе од неопходни, но мора да бидат квалитетни




„Станува збор за избрзано решение, кое што доцни во овој момент, значи не било почнато со време да се работи, а сега, вакво какво што е не може да ја издржи критиката на стручната јавност, и од друга страна, станува збор за материја која што квалитетно мора да се уреди, бидејќи премногу експериментираме со решенија кои што не се соодветно подготвени", вели за реформите во безбедноста професор трпе Стојановски од Факултетот за безбедност во Скопје, во интервју за ЦИВИЛ Медиа.

Стојановски вели дека реформите требало да почнат уште со создавањето на Оперативно-техничката агенција и да го опфатат целиот безбедносно-разузнавачки систем.

„Решенијата или пораките за реформирање на законските решенија во оваа област требаше да одат како пакет. Меѓутоа, еден од проблемите е што не постои квалитетна координација на промените кои што се случуваат во легислативата. Издвојувањето на досегашната Управа за безбедност и контраразузнавање од МВР и формирање на Агенција

за национална безбедност е позитивен чекор, но мора да биде хармонизирано со промените во другите институции од безбедноста", смета Стојановски.

Но, и сам по себе, нагласува професорот, законот за Агенција за национална безбедност има многу пропусти.

Трпе Стојановски, професор на Факултетот за безбедност/фотографија Ангела Петровска „Новиот законски текст, кој што сѐ уште е во некоја работна верзија, има слабости во смисла на непрецизна регулираност на самата институција, која што не само што го менува името, но менува и значаен број од своите надлежности, организациски претрпува значајни измени, а тие не се соодветно, прецизно, рефлектирани во овој законски текст. Постојат решенија кои што едноставно се преземаат од досегашната практика, но на кои што не им е местото таму", вели Стојановски.

Сериозен проблем во новиот текст, нагласува Стојановски, се контролните механизми што мора да ги има по претходната состојба со безбедноста.




Трпе Стојановски, професор на Факултетот за безбедност/фотографија Ангела Петровска „Покрај постојната агенција ОТА, новоформираната Агенција за национална безбедност има можност да употребува средства, алатки за следење на комуникациите и надвор од законскиот проект за ОТА. Сметам дека тоа е потребно, е неопходно, меѓутоа, тоа е

материја која што дополително мора квалитетно да се уреди токму со надорните или контролните механизми бидејќи една таква дискреција, особено во услови после она што го имавме – нарушен интегритет, нарушени впечатоци за безбедносните структури, особено за оваа, која што имаше монопол на следењето на комуникациите и пресретнување на информациите, како граѓани посакуваме поголеми гаранции и поквалитетни, побистри механизми со кои што ќе се остварува тој надзор или контрола“, вели професорот.

Нејаснотии, недоречености и пропусти има и во другите законски решенија кои се во подготовка, како новиот закон за Агенција за разузнавање, но пред се недостасува сериозна, квалитетна и сеопфатна стратегија за национална безбеднос, смета Стојановски.

„Станува збор за осетлива материја, во која што секако дека и законодавецот е внимателен, во подготвување на текстот, меѓутоа тоа е материја која што дефинитивно мора квалитетно, бистро да се уреди и во тој дел ми недостасува некој сериозен партнер од Европската унија кој што може да обезбеди квалитетни консултации, квалитетни решенија до кои што мора да се дојде и уште повеќе тие решенија понатаму да се бранати во домашната јавност и уште повеќе кога овие решенија , за кои што многу прецизно говори господинот Прибе во неговиот извештај, почнувајќи од 2015 година, треба квалитетно да се промовираат пред институциите на Европската унија“, објаснува Стојановски.

Владата, додава професорот, мора да ја препознае потребата од квалитетни реформи и со целиот државен инструмент, со пријателите и со партнерите од невладиниот сектор да гради одржливи механизми.

„Многу од претпоставките се исполнети, ако сакате и политички, бидејќи очекувањата на граѓаните за поквалитетен и побезбеден живот се нараснати, оваа влада на некој начин и ја избравме и промовиравме со такви задачи, и очекуваме да одговори на предизвиците. Ова што сега се прави го рпепознаваме како заложба за менување на работите кон подобро, меѓутоа методологијата и алатките кои што ги практикува владата не гарантираат дека ќе имаме квалитетно решение“, смета Стојановски.

**Игор К. Илиевски**

Фотографија: **Ангела Петровска**

# Стојановски: Избирачкиот список е ризик, но безбедносната заедница е спремна за избори




„Процесите кои предизвикуваат некакви политички триења, почнувајќи од изборниот список и така натаму, може да предизвикаат безбедносни проблеми за време на изборите“, смета професорот Трпе Стојановски од Факултетот за безбедност во Скопје, кога станува збор за општествено-политичкиот момент во кој се наоѓа земјата. Стојановски смета дека Македонија ќе одговори на предизвиците со кои што ќе се соочат безбедносните институции при редовните претседателски и евентуалните предвремени парламентарни избори.

**ЦИВИЛ Медиа: Професоре Стојановски, ни претстојат претседателски избори и евентуално нови парламентарни избори. Каква е улогата на безбедносната заедница во овозможување на еден демократски амбиент и пред сѐ безбеден амбиент за гласање?**

**СТОЈАНОВСКИ:** Македонија има голема традиција, богата традиција за изборите, кои што се случуваат кај нас, и најразлични искуства кои што се поврзани со изборните циклуси. Она што е научена лекција, и воопшто сега, кога што очекуваме да почнат преговорите со

Европската унија, е дека било какви избори, претседателските се извесни, сите други не знам дали се потребни во овој момент, се предизвик во кој што Македонија мора да покаже висок степен на капацитет и потенцијал за одржување на квалитетни, праведни, законски изборни активности.
Ја спомнавте безбедносната заедница, и голем дел од задачите, имајќи го во предвид македонското искуство, се делегирани на неа. Она што, по мене, е позитивна страна е дека во изминатите години, со партнерство на бројни меѓународни организации се направени чекори кои што веќе се интегрирани во безбедносната заедница, иако поконкретно се фокусираме на Министерството за внатрешни работи, кое што е столбот и во корпусот на институции кои што се надлежни за безбедноста и воопшто, институција која што има и превентивни и кривично-правни механизми да се справува со евентуални девијации и деликти.
Сметам дека е направен значаен исчекор. Она што мене ми е познато е дека многу од овие механизми се интегрирани и тие се дел од секојдневното работење на МВР. Не само кога станува збор за изборните процеси, но и многу порано, се активираат и постојат како континуирани, но особено воочи на изборните процеси, обуки, тренинзи… Потсетувањето и на некој начин идентификување на улогата на полицијата, претпоставувам дека е подеднакво важно и за другите институции кои што имаат надлежност во безбедноста, е подигнато на ниво на највисок приоритет и тоа е претпоставка дека институциите кои што треба да обезбедат безбедност, да бидат сервис во сферата кога граѓаните очекуваат безбедност. Мислам дека ќе одговорат повторно на задачата која што е поставена пред нив.

Меѓутоа, индиректно, многу од процесите кои што се кај нас, особено кои што значат некакви политички триења, почнувајќи од изборниот список и така натаму, може да профилираат одредени проблеми и потешкотии кои што понатаму, ако ги проценуваме ризиците, може да доведат и до одредени нарушувања, кои што ќе ја тангираат безбедносната сфера. Безбедноста е прилично осетлива материја, најразлични можат да бидат нашите впечатоци и дефиниции за тоа што очекуваме од институциите надлежни во сферата на безбедноста, меѓутоа јас верувам дека, особено во овој општествено-политички момент, Република Македонија ќе одговори на предизвиците со кои што ќе се соочат безбедносните институции при реалните претседателски и евентуално други избори со кои што ќе биде соочена заедницата.

**Игор К. Илиевски**

Фотографија: **Ангела Петровска**

# Благоја Марковски: Македонија не е цел на ИСИС, а повратниците се опасни само ако не се ресоцијализираат



Македонија не е примарна цел на напад на Исламската држава, а МВР постапувало превентивно – ниту имало организиран обид за терористичка акција, ниту конкретна акција, смета пензионираниот полковник Благоја Марковски, доктор на воено-политички науки и безбедносен аналитичар.
„По размена на информации со амбасадата на САД, МВР, нормално, реагираше и можеме од денешен аспект, без оглед на тоа што, за жал, немаме доволно информации што точно направи МВР, сепак можеме да констатираме дека во овој момент во Македонија не постои опасност по безбедноста, особено не од организиран терористички напад“ – оценува Марковски, кој е претседател на Балканскиот форум за безбедност.

„Повратниците од редовите на Исламската држава на Ирак и Сирија, сепак, се чувствително прашање во Македонија“ – смета Марковски.

„Имавме 156 евидентирани граѓани кои учествуваа во борбени дејства во Ирак и Сирија, 83 од нив се вратија назад и се наоѓаат во Македонија, 23-ца се веќе осудени за учество во туѓи војски според Кривичниот законик, и, за жал, 35 ги загубија животите на овие боишта“ – наведува Марковски.

Поранешните борци имаат релации со нивните поранешни водачи и, доколку државата не преземе мерки, би можеле да бидат организирани на територијата на своето место на живеење и да преземат терористички дејства како поединци или во помали групи.

„Сите информации со кои располагаме одат кон тоа дека овие луѓе не биле на какви било командни должности во борбените дејства, туку ги извршувале наредбите од командантите во единиците во таканаречената Исламска држава. Меѓутоа, можно е да се организира хиерархиски да се постават главни кои ќе раководат со групите кои се вратиле назад во Македонија и од тој аспект може да се очекува, доколку се препушти ситуацијата сама на себе и доколку благовремено не се реагира, тие да добијат една паравоена структура со изградена хиерархиска контура за подготовки и реализација на терористички дејства“ – оценува Марковски.

Евентуалните напади би биле од мал размер, насочени кон „меки“ цели и не би биле посериозна опасност за државата.

„Би биле насочени кон „меки“ цели, во ситуации каде што имаме поголем собир на граѓани, како што се културни манифестации, спортски манифестации, трговски центри итн. Основна цел би им била создавање страв и паника кај населението“ – вели пензионираниот полковник.

Тој нагласува дека членството на Македонија во НАТО во ваква ситуација не е ризик, туку предност.

„Со создавањето можности за размена на доверливи информации со другите членки на НАТО ќе се создадат многу подобри услови за благовремена превенција на какви било дејства, па и на терористички“ – вели Марковски.

Но, нагласува тој, повратниците претставуваат опасност само ако не се преземат мерки за нивна ресоцијализација.

„Не само репресивната мерка која следува според Кривичниот законик, туку и редица на мерки и активности во смисла на нивна ресоцијализација, нивно повторно враќање во општеството и ослободување од стегите на таа идеологија со кои се здобиле. Во таа смисла, МВР, Министерството за труд и социјална политика, другите државни структури апсолутно треба да посветат внимание и согласно со Стратегијата за борба против тероризмот и лани донесената Стратегија за борба против радикализмот треба да реагираат и постојано да ги реализираат мерките и активностите кои ќе водат кон нивна ресоцијализација“ – заклучува Марковски.

**Игор К. Илиевски**

Камера, монтажа и фотографија: **Ариан Мехмети**

# 156 евидентирани македонски граѓани учествуваа во војните на Блискиот Исток



Според статистичките податоци што ги сподели Благоја Марковски, полковник во пензија, доктор на воено-политички науки и безбедносен аналитичар во интервјуто за ЦИВИЛ МЕДИА, засега се познати следните статистички податоци:

**156** евидентирани граѓани кои учествуваа во борбени дејства во Ирак и Сирија

**83** повратници

**23** осудени за учество во туѓи војски

**35** загинати на боиште

Оваа публикација е дел од проектот „Граѓанките и граѓаните за слободно општество“, финансиран од Федералното Министерство за надворешни работи на Сојузна Република Германија.
**Ставовите искажани во оваа публикација се на авторките и авторите на текстовите и не нужно ги одразуваат ставовите на донаторите.**